Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 3. Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во 8 и 9 одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата на активностите на Општина Карпош во областа образование за 2022 година (Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021 и 9/2022), Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за доделување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2022/2023 година**

## 1. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош,
- Да се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош
- Да оствариле континуиран одличен успех во текот на школувањето од VI до VIII, односно IX одделение од најмалку 4.5
- Да имаат освоено I, II или III место на натпревари.

## 2. Критериуми за доделување стипендија

Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I, II или III место од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од МОН.

Освоени I, II или III место на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI до VIII односно IX одделение:

-I, II или III место на општински натпревари (3 бода, 2 бода, 1 бод),
-I, II или III место на градски (регионални) натпревари (6 бода, 5 бода, 4 бода),
-I, II или III место на државни натпревари (9 бода, 8 бода, 7 бода),
-I, II или III место на меѓународни натпревари (12 бода, 11 бода, 10 бода)

*Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодувани.

## 3. Потребни документи

Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават:

-Документ како доказ дека живее во Општина Карпош (лична карта од родител/старател)

Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII односно IX одделение во учебната 2022/2023 во општинското основно училиште од територија на Општина Карпош,

-Кратка биографија на ученикот,

-Фотокопии од свидетелства дека остварил континуиран одличен успех во текот на школувањето од VI до VIII односно IX одделение.,

-Фотокопии од дипломи од освоени места на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI и VII одд. за редовни ученици во VIII одд и од VII и VIII одд. за редовни ученици во IX одделение,

-Препорака од класниот раководител или предметниот наставник.

## 4. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 денари месечно за освоени од 7 до 10 бода и 3.000,00, денари месечно за освоени над 10 бода за осум месеци во текот на учебната 2022/2023 година.

## 5. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Карпош или по пошта на ул. Радика бр. 9 ,Скопје, со назнака „За доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2022/2023 година “.

## 6. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 15.09.2022 година. Документите на кандидатите кои не се комплетни и не се навремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена:** На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по јавен оглас ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми.

ОПШТИНА КАРПОШ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*